ОПШТИНА КОЧАНИ

ООУ„НИКОЛА КАРЕВ“-КОЧАНИ
ул.Никола Карев бр.17 тел.033 274-216 факс 033/274-211
e-mail:nikolakarev_1957@yahoo.com

О.У. НИКОЛА КАРЕВ Кочани

**Резултати од спроведената самоевалуација на училиштето**
**за период 2019 – 2021 година**

Училишната комисија формирана по предлог на директорот и Одлука донесена од страна на Училишниот одбор во состав: Билјана Пулковска – психолог, Верица Ѓорѓова – педагог, Љупка Стојменова – наставник, Гордана Јефтимова -наставник, Ѓоше Цветков – претседател на совет на родители изготви извештај за спроведената самоевалуација со предлог мерки за подобрување на квалитетот на наставата.
Училишната комисија заедно со тимот на наставници работеа последните подрачја:

1. Организација и реализација на наставата и учењето,
2. Постигнувања на учениците
3. Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар,
4. Управување, раководење и креирање политика
5. Комуникација и односи со јавноста
6. Училишна клима и култура
7. Соработка со родителите и локалната средина и

се дефинирани следните приоритетни содржини:

- Обуки за наставници за работа со ученици со поголеми можности за развој и напредување и ученици со посебни образовни потреби, примена на информатичко комуникациска технологија во наставата,
- Збогатување на библиотеката со лектирни изданија и стручна литература,
- Континуиран професионален и кариерен развој на наставницицте и стручните соработници ,
- Континуирано збогатување на училиштето на нагледни и наставни средства,
- Целосно почитување на кодекситњ на однесување и интерните правилници на училиштето,
- Мотивирање на родителите за поинтензивна партиципација при спроведувањето на проектните активности во училиштето,
- Интензивирање на соработката со граѓански здруѓенија,, бизнис секторот, НВО, амбасади со цел поддршка при реализација на приоритетните инфраструктурни зафати во училиштето.

Август,2019 Училишна комисија